РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 01-4093/1
24.09.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[1] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 8 и член 41 став 1 алинеја 9 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, а во врска со член 23 и 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/25), согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-4056/6 од 24.09.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 11 седница одржана на 24.09.2025 година, донесе:

# Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка

## Член 1

Со ова Упатство се врши изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г. и арх.бр.01-3976/1 од 27.10.2022 г. (во натамошниот текст: Упатството).

## Член 2

Во Упатството преамбулата се менува и гласи:

„Врз основа на член 18 став 1 алинеја 8 и член 20 став 1 алинеја 11[2] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), член 15 став 1 алинеја 8 и член 41 став 1 алинеја 9 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-3632/1 од 22.08.2025 година, а во врска со член 23 и 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за изменување и дополнување на Законот за медиуми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.87/25), согласно Заклучокот на Советот на Агенцијата бр. 02-4056/6 од 24.09.2025 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 11 седница одржана на 24.09.2025 година, донесе:“

## Член 3

Во глава „I. ОПШТИ ОДРЕДБИ“ од Упатството, точката 1 се менува и гласи: „Со ова Упатство се определуваат роковите во кои издавачот на медиум (печатен медиум, радиодифузер и онлајн медиум-интернет портал), давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, операторот на јавна електронска комуникациска мрежа, операторот на дигитален терестријален мултиплекс и давателот на услуга платформа за споделување видеа се должни да го извршат решението за изрекување мерка јавна опомена и за исклучување на реемитувањето на програмски сервис, издадено од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.“

## Член 4

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА“ од Упатството, насловот „*Издавач на печатен медиум*“ се менува и гласи: „*Издавачи на печатен медиум и на онлајн медиум-*

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).
[2] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

*интернет портал*".

**Член 5**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА" од Упатството, точка 3 став 1 се менува и гласи: „3. Издавачите на печатен медиум и на онлајн медиум-интернет портал се должни да го усогласат своето работење со Законот за медиуми и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата во следните рокови од денот на приемот на решението за преземање мерка – опомена: "

**Член 6**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА" од Упатството, во точка 3 став 1 алинеја 2 зборовите „30 (триесет)" се заменуваат со зборовите „20 (дваесет)".

**Член 7**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА" од Упатството, по насловот „*Радиодифузер*", во точка 4 став 1 се вршат следните измени и дополнувања:

- се додава нова алинеја 1, која гласи: „член 26 ставови 1, 2, 3 и 5 (социјална инклузија и медиумска писменост)",
- алинеите 1, 2 и 3 стануваат алинеи 2, 3 и 4,
- во алинејата 3 (која со овие измени и дополнувања стана алинеја 4) зборот „непотребно" се заменува со зборот „прекумерно",
- по алинејата 3 (која со овие измени и дополнувања стана алинеја 4) се додава нова алинеја 5, која гласи: „член 50 – а (заштита на лични податоци на малолетници)",
- алинеите 4, 5 и 6 стануваат алинеи 6, 7 и 8.

**Член 8**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА" од Упатството, по насловот „*Оператор на јавна електронска комуникациска мрежа*", во точка 8 се вршат следните измени и дополнувања:

- по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 која гласи: „член 142 став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход)",
- алинеите 4 и 5, стануваат алинеи 5 и 6.

**Член 9**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА" од Упатството, по насловот „*Давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање*", во точка 12 - се вршат следните измени и дополнувања:

- се додава нова алинеја 1, која гласи: „член 26 ставови 1, 2, 3 и 5 (социјална инклузија и медиумска писменост)",
- алинеите 1, 2 и 3, стануваат алинеи 2, 3 и 4
- во алинејата 3 (која со овие измени и дополнувања станува алинеја 4) зборот „непотребно" се заменува со зборот „прекумерно",
- по алинејата 3 (која со овие измени и дополнувања стана алинеја 4), се додава нова алинеја 5, која гласи: „член 50 – а (заштита на лични податоци на малолетници)",
- алинеите 4 и 5, стануваат алинеи 6 и 7,
- по алинејата 5 (која со овие имени и дополнувања стана алинеја 7) се додава нова алинеја 8 која гласи: „член 142 став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход)".

**Член 10**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА“ од Упатството, во насловот „*Давател на аудиовизуелни медиумски услуги по барање*“, во точка 13 став 1 зборовите „30 (триесет)“ се заменуваат со зборовите „20 (дваесет)“.

**Член 11**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА“ од Упатството, по точка 13 се додава нов наслов кој гласи: „*Давател на услуга платформа за споделување видеа*“.

**Член 12**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА“ од Упатството, по додадениот наслов „*Давател на услуга платформа за споделување видеа*“, се додава нова точка 13-а која гласи:

„13-а. Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен веднаш од денот на приемот на решението за преземање мерка — опомена да го усогласи своето работење со:
- член 144-е став 3 (најдоцна до 15 март во тековната година до Агенцијата да достави извештај за износот на вкупниот приход), и
- член 144-е став 4 (да го плати годишниот надоместок за надзор на сметка на Агенцијата најдоцна до 15 април во тековната година)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги“.

**Член 13**

Во глава „II. РОКОВИ ЗА ПОСТАПУВАЊЕ ПО РЕШЕНИЈАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ МЕРКА“ од Упатството, по точка 13-а се додава нова точка 13-б која гласи:

„13-б. Давателот на услуга платформа за споделување видеа е должен во рок од 20 (дваесет) дена од денот на приемот на решението за преземање мерка — опомена да го усогласи своето работење со:
- член 144–б (регистар на даватели на услуги платформи за споделување видеа),
- член 144–в (заштита на малолетници и чување на законитоста),
- член 144–г (мерки за заштита на малолетниците и јавноста),
- член 144–д (комерцијални комуникации), и
- член 144 – ж (доставување податоци до Агенцијата)

од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени од страна на Агенцијата.“

**Член 14**

Во останатиот дел Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка не се менува.

**Член 15**

Ова Упатство за изменување и дополнување на Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка, влегува во сила со денот на неговото донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**